Бр. 02-387
19.6.2015 год.
Скопје

Врз основа на член 6 и 7 од Правилникот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност ( Универзитетски весник бр.298 од 2.9.2014 год.), и Конкурсот за избор на најдобри научници на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ за 2014 година, Одборот за избор на научници на Универзитетот на својата седница одржана на 19.6.2015 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за избор на најдобри научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за 2014 година

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат најдобрите научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои во календарската 2014 година покажаа врвни резултати во научноистражувачката дејност:

1. **д-р Златко Левков**, Природно-математички факултет;
2. **д-р Мирко Тодоровски**, Факултет за електротехника и информациски технологии;
3. **д-р Серјожа Гонтарев**, Факултет за физичко образование, спорт и здравје;
4. **д-р Методија Најдоски**, Природно-математички факултет;
5. **д-р Биљана Тојтовска**, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство;
6. **д-р Никола Тунески**, Машински факултет;
7. **д-р Билјана Капушевска**, Стоматолошки факултет;
8. **д-р Весна Амбаркова**, Стоматолошки факултет;
9. **д-р Велибор Тасиќ**, Медицински факултет;
10. **д-р Владимир Атанасовски**, Факултет за електротехника и информациски технологии.

**Член 2**

На избраните научници, по утврден износ на Ректорот, им се исплаќа еднократно авторски надомест во износ од 50.000,00 денари.

Средствата се исплаќаат од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот за 2014 година – ставка 4. активности поврзани со научноистражувачката дејност.

**Член 3**

Промоцијата за доделување на наградите на најдобрите научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје ја врши ректорот на Универзитетот.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Ректор**

**проф. д-р Велимир Стојковски**